Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-4996/24
11.12.2020 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-4996/24
11. 12. 2020 .2020 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидатот по интерен оглас бр.3/2020 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Елена Митровска** по пат на интерен оглас број 3/2020 објавен на 02.12.2020 година се избира на работно место **УПР 01 01 В01 Советник за програмирање во рамките на инструментот за предпристапна помош (ИПА),** Одделение за програмирање и мониторинг на имплементацијата во рамките на инструментот за претпристапна помош (ИПА), Сектор за Европска Унија **-1 (еден) извршител;**

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 3/2020 со архивски бр.04-4996/18 од 10.12.2020 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архиски број 04-413/13 од 08.10.2020 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-4996/1 од 30.11.2020 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 3/2020 за унапредување на 6 (шест)

административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 02.12.2020 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-4996/10 од 09.12.2020 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 3/2020 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-4996/14 од 10.12.2020 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со архивски број 04-4996/18 од 10.12.2020 година, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за ибор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 3/2020 со архивски бр.04-4996/18 од 10.12.2020 година.

Врз осноно на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваната.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**КАЈА ШУКОВА**

***ПРАВНА ПОУКА:*** *Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*